**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-82/12**

**Скопје, 15.02.2007 година**

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Управата за хидрометеоролошки работи (во понатамошниот текст УХМР), сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2005 година, кои се прикажани на страните 6 и 7 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, која го утврдува обемот за вршење на работите на државната ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Д-р Владо Спиридонов - Директор

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страниците од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано врз извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 16.11.2006 до 12.01.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
    - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
    - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, утврдени се следните неправилности категоризирани како:

10.1. **Неправилна примена на акти:**

10.1.1 УХМР донела Решение за висината на надоместоците на хидрометеоролошките работи, бр. 01-392/2 од 14.03.2000 година, кои истата ги врши за потребите на правни и физички лица со надоместок согласно член 16 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи. Со Решението, органите на државната управа се ослободени од плаќање на надоместок на хидрометеоролошките работи, кои УХМР ги врши за нивните потреби. Покрај државните органи, од надоместокот за добивање на хидрометеоролошките услуги се изземени и студентите и научните работници (магистранти, докторанти и истражувачи). Ослободувањето на овие категории на корисници на услугите на УХМР од плаќање на надоместок за добивање на хидрометеоролошки услуги е спротивно на Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, кој не предвидува изземање на државните органи од наплатувањето надоместок, ниту пак ги групира корисниците на услугите во државни органи или други правни и физички лица, што доведува до намалување на остварените сопствени приходи на УХМР.

10.1.2 Спротивно на член 34 од Законот за данок од добивка, средствата кои ги остварува од вршење на хидрометеоролошки работи за потребите на правни и физички лица со надоместок согласно член 16 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи и кои ги користи строго наменски за одвивање на дејноста, ги вклучила во даночната основа за пресметување на данок од добивка поради што остварила помал вишок на приходи (добивка) за пренос во наредната година.

10.1.3 Во 2005 година се исплатени плати и надоместоци од плати во вкупен износ од 1.430 илјади денари на 6 вработени лица, по решенија за распоредување на работно место на неопределено време (во периодот од 1989 до 1998 година) согласно Законот за органите на Управата и Правилникот за систематизација на работите и задачите на Републичкиот Хидрометеоролошки Завод. Одговорните лица во УХМР не предвиделе работни места за овие вработени лица при донесувањето на Правилникот за систематизација на работните места во УХМР од 2001 година и измените и дополнувањата на истиот од 2004 година, ниту пак ги предвиделе во Правилникот за систематизација на работните места во УХМР од 2005 година.

Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи во втор степен при Владата на РМ, на барање од вработените, во 2004 година донела решенија дека истите имаат право на стекнување на статус на државните службеници и дека начинот на финансирање во однос на платата на вработените не може да биде основен критериум за стекнување на статус на државен службеник. На крајот на 2005 година, извршена е измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места, за што добиена е согласност од Агенцијата за државни службеници, а одобрен од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во месец мај 2006 година, врз основа на што УХМР во наредниот период ќе го реши статусот на вработените и изворот на финансирање на платите и надоместоците од плати.

**Препораки и мерки:**

1. Со оглед дека УХМР ангажира буџетски средства и алоцира време за посебна обработка на бараните податоци, надвор од стандардизираниот формат на официјално објавени информации во статистичките годишници, ревизијата препорачува утврдување посебен надоместок во Тарифникот за услугите, кој истата ќе ги врши за потребите на органите на државната управа и кој би ги покрил основните трошоци за услугата.
   Исто така, УХМР треба да ја напушти практиката на дискреционо ослободување од плаќање надоместок за одредени категории на корисници на услугите.
2. Приходите кои УХМР ги остварува по основ на средства кои се строго наменски за одвивање на дејноста не влегуваат во даночната основа за пресметување на данокот од добивка.

10.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

10.2.1. Поради неизвршена соодветна промена на начинот на водење на сметководство (од пресметковна на наплатена реализација) од претходни години и сведување на сметководственото начело на парично искажување, утврдена е неусогласеност помеѓу паричните средства во Билансот на состојба на ден 31 Декември 2005 година и остварениот вишок на приходи – добивка пред оданочување, за износ од 253 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Истото има за последица нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во Билансот на состојбата, како и на резултатот од финансиските трансакции во 2005 година.

10.2.2 Спротивно на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници комисијата за попис во својот извештај за спроведениот попис ги констатирала само ненаплатените побарувања од тековната година во износ од 689 илјади денари, но не извршила увид во ненаплатените побарувања од минатите години, со анализа на причините за ненаплатувањето, старосната структура и сл. Со вклучувањето на оваа категорија побарувања, вкупните побарувања на УХМР со состојба на 31.12.2005 година достигнуваат износ од 1.563 илјади денари. Исто така, ревизијата не доби доволно уверување дека сите побарувања со изминат законски рок за наплата се доставени до Јавното правобранителство поради заштита на имотните права на


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311* ----------------------------

УХМР, што остава можност за дискреционо (субјективно) откажување од дел од сопствените приходи.

**Препораки и мерки:**

1. УХМР доследно да го почитува сметководственото начело на парично искажување, во смисла приходите да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале, според критериумот на мерливост и расположивост, а расходите во износ во кој е извршено плаќањето.
2. Комисијата за попис на побарувањата при утврдување на состојбата на побарувањата треба да ги констатира побарувањата не само од тековната година, туку и оние кои произлегуваат од минати години, земајќи ги предвид роковите на застарување на одделни побарувања заради нивно навремено проследување до Јавното правобранителство на Република Македонија, со цел правна заштита на имотните права на УХМР.

10.3. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата:**

10.3.1 УХМР склучила во два наврати двегодишни договори (договор број 01-1007/1 од 11.06.1998 и договор број 03-185/1 од 01.02.2001) со ЈП "Водовод и канализација" – Скопје со предмет: следење на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите што ја хранат Жеденската акумулација и изворот Рашче. Цената на чинење на работите, согласно договорот од 1998 година изнесувала 4.377 илјади денари, а од страна на УХМР се евидентирани само побарувања во износ од 3.229 илјади денари, односно помалку во износ од 1.148 илјади денари, и покрај реализирањето на обврските од договорот за што е изготвена и посебна студија од страна на УХМР за состојбата со квалитетот на водите во околината на ХЕК Југохром-Јегуновце. Цената на чинење на работите, согласно договорот од 2001 година изнесувала 5.902 илјади денари, но за истите не е доставена фактура од УХМР до ЈП Водовод и канализација и не се евидентирани побарувања и покрај реализирањето на обврските од договорот (со извесни прекини поради воените дејствија во 2001 година). Според наведените договори, не се почитувани ниту одредбите за сукцесивно плаќање за извршените услуги, што укажува на економски неоправдано делумно откажување во случај на договорот од 1998 и целосно откажување од побарувањето по основ на договорот од 2001 година, со што УХМР овозможила намалена наплата на потенцијалните сопствени приходи.

10.3.2 Согласно член 16 од Законот за вршење на хидрометеоролошки работи, УХМР врши хидрометеоролошки работи за потребите на правни и физички лица со надоместок, односно обезбедува хидролошки и метеоролошки податоци и податоци за квалитетот на воздухот и водите забележани во мрежата на метеоролошките радарски центри и противградобијни станици. По тој основ, во 2005 година се евидентирани побарувања во износ од 2.235 илјади денари. Ревизијата не доби задоволително уверување за реалноста и објективноста на евидентираните побарувања, поради:

- недоследна примена на решението за висината на надоместоците на хидрометеоролошките работи, бр. 01-392/2 од 14.03.2000 година, во смисла на потценување на висината на надоместокот (невклучување на сите испитувани параметри,

бројот на мерните места и сл. во пресметувањето на надоместокот).

- Формирањето на цените на услугите за изработка на програми, студии, анализи, елаборати и проекти од обласата на хидрометеорологијата е уредено со склучување на посебен договор со секој корисник, но без бодовна спецификација за ангажирањето на опремата и средствата за работа

Наведеното создава простор за субјективен пристап во формирањето на цените на услугите кои ги врши УХМР и помалку остварен приход.

**Препораки и мерки:**

1. УХМР да поведе постапка за наплата на неизмирениот долг по основ на договорот од 1998 година, а за договорот од 2001 година да изврши проценка на извршениот дел од услугите. Исто така, УХМР да состави комисија за испитување на одговорноста на надлежните лица за неисполнување на обврските од наведените договори.
2. Заради транспарентно формирање на надоместокот за извршени хидрометеоролошки работи УХМР треба да подготвува детална бодовна спецификација за извршените услуги со што ќе се елиминира можноста за различен третман на корисниците на услугите .

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.1; 10.2. и 10.3, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Управата за хидрометеоролошки работи под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива .

12. Според наше мислење, кај Управата за хидрометеоролошки работи - сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 15.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2.746 | 2.392 |
| **Вкупно приходи** | **2.746** | **2.392** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 1.430 | 1.061 |
| Стоки и услуги | 343 | 245 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1.773** | **1.306** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **1.773** | **1.306** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **973** | **1.086** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 146 | 163 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **827** | **923** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 827 | 924 |
| Обврски за данок на добивка | 146 | 163 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **973** | **1.087** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.226 | 308 |
| Побарувања | 1.563 | 1.492 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 20 | 20 |
| Побарувања од државата и други институции | 23 | 56 |
| Активни временски разграничувања | 37 | 270 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.869** | **2.146** |
| **Вкупна актива** | **2.869** | **2.146** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 281 | 245 |
| Обврски спрема државата и други институции | 226 | 152 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 161 | 168 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 0 | 271 |
| Пасивни временски разграничувања | 2.201 | 1.310 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.869** | **2.146** |
| **Вкупна пасива** | **2.869** | **2.146** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------